Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24), Секретарот на Општина Свети Николе донесе:

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0901-245/15
17.07.2026 год.

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2026

1. За работно место УПР 01 01 Б02 000, Раководител на сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште се избира Јонче Стојанов.
2. На избраниот кандидат по конечноста на оваа Одлука ќе му се издаде Решение за унапредување на административен службеник.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Во врска со интерниот оглас број 01/2026, објавен на ден 06.07.2026 година на веб страната на Агенцијата за администрација и на веб страната на Општина Свети Николе, за пополнување на работни места со унапредување на 2(два)административни службеници во Општина Свети Николе за работното место со **реден број 02**-УПР 01 01 Б02 000, Раководител на сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр. 0901-245/11 од 09.07.2026 година донесено од Секретарот на Општина Свети Николе, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатите, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административсни службеници во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната на Општина Свети Николе, односно од денот на приемот на Одлуката.

Општина Свети Николе
Секретар
____________________
Зоран Стојчев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ГРАДОНАЧАЛНИК